Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 211 / 1
Дата/data 22.01.2024

**ДО**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА**
**ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Предмет:** Доставување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година во ЈП Комунална хигина –Скопје.

**Почитувани,**

Во согласност со член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл. весник на РСМ " бр.101/2019), во прилог на дописот Ви доставуваме Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2023 година.

**Со почит,**

**ЈП Комунална хигиена - Скопје**
**Директор**
__________________________
**Гоце Трајковски**

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 211 / 1
Дата/data 22.01.2024

**До**
**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл. весник на РСМ "бр.101/2019)
**Јавно претпријатие Комунална хигиена- Скопје,** ул. Боро Тодоровиќ бр.2, Скопје; тел/фах 3118632;3229039; e-mail khs@khs.com.
(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)
**Биљана Петковска**
(името на службеното лице)

го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**(од 1.01.2023г. до 31.12.2023г.)**

1. **Податоци за службените лица определени за посредување со информации од јавен карактер**

**Биљана Петковска** Соработник за развој на информатичката технологоја
тел: 3 118 632 ; 3 229 039 e-mail biljana.petkovska@khs.mk
**Мерѓизе Муртезановска** Раководител на Сектор за ИТ,квалитет и развој
тел: 3118 632 ; 3 229 039 e-mail mergjize.m@khs.mк

**2.Број на примени барања**
- Во текот на извештајниот период примени се 7 (седум) барања за пристап до информации од јавен карактер;

**3.Број на позитивно одговорени барања**
-Во текот на извештајниот период позитивно е одговорено на 5(пет) барања за пристап до информации од јавен карактер;

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање.**
-Во текот на извештајниот период има 2 (два) случаи на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер. Првото одбиено барање е поднесено од страна на физичко лице, чиј интерес беше доставување на кривични пријави со доказна документацијата поднесено од страна на ЈП Комунална хигиена –Скопје,а доставени до МВР/ЈО во период од 01.05.2023-12.07.2023. Второто барање е поднесено од страна на новинар на Порталб.мк, а се однесува на изјавите од прес конференција одржана од страна на директорот на ЈПКХС, на 08.07.2023год., и притоа се побара доставување на докази, документи, кривични пријави, имиња и презимиња на вработени кои биле дел од “мафијашки структури”-терминологија употребена на пресот. ЈП Комунална хигиена – Скопје ја спроведе постапката на тест на штетност за двете барања и притоа изврши извесни проверки: дали обезбедувањето на информациите може да предизвика штета на заштитениот интерес, дали е можен делумен пристап или промена на начинот на запознавање со информацијата(начело на пропорционалност) и утврдување на времетраење на заштитата на информациите. Заклучено е дека евентуалните информации и докази, коишто се стекнати или создадени за истрага, прекршочна или кривична постапка врз лица вработени во јавното претпријатие претставуваат информации од заштитен интерес. Барањата се одбиени затоа што утврден е заштитен интерес – исклучок од слободен пристап до информации, во согласност со член 6 став 1 точка 4 од ЗСПИЈК ( -”***информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за***

***спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката"),*** а со обезбедување пристап до бараните информации би се сторило сериозна повреда на интересот заштитен со законски регулиранит исклучок и би се нарушила сигурноста и безбедноста на истите, би дошло до нивно компромитирање, како и нарушување на принципот на еднаквост на страните во судскиот процес.Во однос на времетраење на заштитата на предметните информации утврдено е дека прераното дозволување на пристап до информациите би можело да го наруши соодветното утврдување на фактите и од таквото дејство би можело да се здобие со корист субјектот кој е предмет на прекршочната или кривичната постапка.

**5.Број на неодговорени барања**
-Во текот на извештајниот период нема случаи на неодговорени барања за пристап до информации од јавен карактер;

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);**
-Во текот на извештајниот период има 1(еден) случај на вложена жалба од страна на баратели против првостепени одлуки. Жалбата вложена од страна на новинар на Порталб.мк, против Решението за одбивање на барање за пристап до информации од јавен карактер, преку Агенцијата, беше доставена до нашето Претпријатие.

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата**
-Во текот на извештајноиот период нема случаи на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата** Во текот на извештајниот период нема постапување за преиначување на првостепена одлука од страна на Агенцијата;

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање**
Во текот на извештајниот период има 1(еден) случај на одбиена жалба од Агенцијата;
Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Жалбата изјавена од Суад Бајрами, новинар на Порталб.мк, против Решението на нашето претпријатие, ја одби како неоснована. Агенцијата утврди дека ЈП Комунална хигиена – Скопје во врска со предметното барање донело правилно и врз закон засновано решение, со образложение дека бараните информации претставуваат исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер, регулиран со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така, Агенцијата утврди дека од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје извршено е правилно спроведување на тестот на штетност со детално образложение во оспореното Решение.

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.**
Во текот на извештајниот период нема случаи на отфрлени жалби од Агенцијата.

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**ЈП Комунална хигиена - Скопје**
**(Имател на информации-печат)**

**Скопје, 18.01.2024г.**
**(Место и датум)**

**Биљана Петковска**
**(службено лице – потпис)**